Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-364/7
11.08.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-364/1 од 14.4.2025 година поднесена од --------- од Битола, со адреса на ---------, преку полномошник адвокат --------- од Битола, со адреса на ---------, против ---------, ВД Директорка на ---------, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на ---------, ВД Директорка на ---------, врз --------- врз основа на политичка припадност во областа на работа и работни односи.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-364/1 од 14.4.2025 година, од страна на --------- од Битола, преку полномошник адвокат --------- од Битола, против ---------, ВД Директорка на ---------, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е вработен во --------- на работно место --------- во Одделение за ---------, со број --------- и шифра во систематизацијата ---------. Претставката е поднесена против ВД Директорката на ---------, а во врска со деградирање на подносителот, намалување на неговата плата, распоредување на несоодветно работно место, задршка на плата за мобилен телефон без спроведување на законита постапка согласно Законот за јавните претпријатија, „нарачување" на ревизија врз работата и пристрасен и тенденциозен извештај.

Имено, подносителот е поранешен директор на ---------, сè до назначувањето на сегашната директорка на претпријатието, кога тој бил разрешен од страна на Управниот одбор на 7.8.2024 година, и покрај тоа што неговиот мандат бил до февруари 2026 година.

По разрешувањето, му бил даден Договор бр. --------- година на ниво Б1 (категорија ниво-стручно). Намалувањето на работното место било за 4 нивоа (А01, А02, А03, А04 категории и нивоа). Во Договорот биле пресметани компонентите за плата (минимална плата, образование- 56 бодови, ниво- 246 бодови и додаток на плата- усогласување на плата 15%), за во октомври 2024 година да му ја намалат платата за 15%, односно да се скрати компонентата додаток на плата- усогласување. Појаснува дека ова не претставува додаток на плата како што е додатокот за работа на празник, работа ноќе, работа во недела или смена и слично. Станува збор за основен дел од платата утврден со правилникот на плата донесен од Комисија за изработка на плата во претпријатието, а усвоен од Управниот одбор со цел кога е донесен правилникот да се постигне тогашната плата која ја земал вработениот.

По однос на намалувањето на платата, подносителот нема добиено ново решение, ниту анекс на постоечкото решение и нема образложение за причините за намалувањето на платата. И покрај тоа што не бил донесен никаков акт за намалување на платата, подносителот доставил жалба до Управниот одбор на претпријатието на што, до денот на поднесување на претставката, нема добиено никаков одговор. Намалувањето на платата било увидено при преглед на пресметката на плата за месец октомври на ден 14.11.2024 година.

Оттука тој ги поставува следните прашања:

- По кои критериуми му е намалена платата?
- Дали намалувањето е селективно?
- Дали се работи за намалување на платата од политички побуди?
- Дали се работи за лични одлуки на директорката за зголемување на плата кај едни поединци, а намалување на плата кај други?
- Дали намалувањето на платата на подносителот на претставката е мотивирано од самиот факт што станува збор за поранешен директор во претпријатието, сè до нејзино назначување за директорка од друга политичка партија?

Имено, подносителот има сознанија дека по доаѓањето на --------- како директорка, некои вработени имаат покачување на платата, пред сè вработени и блиски во политичката партија од каде доаѓа таа, а на некои вработени, меѓу кои е и тој, им е намалена платата.

Напоменува дека во претпријатието има вработени со такви и слични работни места --------- (исто образование, исто ниво во систематизацијата и ист процент на додаток на плата-усогласеност), а на кои не им се намалени платите, односно не им е намален процентот на усогласеност како што е направено при пресметката на плата кај подносителот. Како пример ги наведува следните работните места:

- Бр. ---------, шифра --------- ---------
- Бр. ---------, шифра --------- ---------
- Бр. ---------, шифра --------- ---------
- Бр. ---------, шифра --------- ---------
- Бр. ---------, шифра --------- ---------.

Истакнува дека од погоре наведените работни места може да се види дека шифрата, односно нивото на работното место, е иста со онаа на подносителот- --------- и кај нив процентот за усогласеност односно додатокот на плата е 15%, бидејќи став на Комисијата при изработката на систематизацијата било дека градежните, електро и машинските инженери треба да имаат иста плата бидејќи се носители на активностите во системот. Исклучок треба да бидат нововработените инженери до постигнувањето на соодветното искуство во работните активности во претпријатието.

Од сето ова смета дека може да се изведе претпоставка дека на раководителот на одделението каде што припаѓа подносителот, му било наложено да напише барање за намалување на платата за 15%, бидејќи истиот наводно не одел на терен. Подносителот истакнува дека ова не е точно и дека тој по потреба оди на терен, исто како и другите вработени, за што во прилог доставува слики од --------- и дневник за евиденција на работно време на Брана.

Во врска со моменталните околности, поднел Претставка бр. --------- од ---------година до Државниот инспекторатот за труд во Битола и дополнително претставка до Народниот правобранител. Во известувањето од Државниот инспекторат за труд тој бил упатен да се обрати до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и било наведено дека согласно нивниот извештај тие ќе ја запознаат Комисијата за предметот.

Дополнителен фактор од кој тој заклучува дека станува збор за дискриминација е фактот што добил Распоред бр. --------- од --------- година за работа на објектот ---------, кое е на далечина од околу 25км од управната зграда на ---------. Седиштето на работното место од 2003 година, од кога е вработен во ---------, било во управната зграда, како на него, така и на останатите вработени во одделението во кое е распореден веќе 22 години.

Она што го смета за симптоматично во конкретниот случај е фактот дека вакво распоредување на објектот --------- добил единствено тој, по неговото разрешување од функцијата директор, додека пак на останатите вработени седиштето на работното место им останало во Управната зграда. Истакнува дека станува збор за прв случај и за прв пат од основањето на претпријатието во 1978 година дипломиран електро инженер да биде со

работно место на ---------. Појаснува дека со овој распоред тој се распоредува да работи на објектот --------- и седиштето на неговата работа со 8 часовно работно време да биде таму. Притоа, на објектот Брана има дежурни техничари кои се грижат за функционирање на постројките на тоа место, а во изминатите години од основањето на претпријатието никогаш немало електро инженер со постојан престој на ---------, туку секогаш кога имало потреба вработени од другите сектори оделе да контролираат или интервенираат во постројките. Наведува дека тоа сè уште е пракса и начин на извршување на работите на вработените од неговиот сектор и одделение.

Дополнително, во Распоредот за работа имало наведено и уште еден вработен, но неговото седиште не е наведено на објектите кои треба да ги контролира, туку и понатаму да остане во канцеларија во управната зграда. Оттука смета дека јасно може да се види дека станува збор за политичка дискриминација, но и лична нетрпеливост од страна на директорката.

Како дополнителен навод истакнува дека до него било доставено барање да го врати службениот телефон кој го користел како директор, за кој со писмен допис ја информирал директорката дека телефонот е нефункционален и е некаде изгубен и предложен е за расход. Информира дека доколку истиот биде пронајден ќе биде вратен. За ова била изготвена Одлука бр. --------- од --------- година со која му се наложува да го плати телефонот, иако, како што наведува, досега сите телефони кои ги користеле вработените, во случај да се оштетени или изгубени, а со оглед дека се лични задолженија, не биле на товар на вработените. Ова важело само за него, а задолжението било да го плати телефонот на рати, со што една рата изнесува повеќе од 11.000 денари и заедно со другите задршки надминува повеќе од една третина од вкупниот износ на неговата плата. Со ова вели дека се доведува во прашање висината на законската задршка, но и неговото функционирање.

По доставувањето на Барањето бр. --------- од --------- година до директорката за поврат на задржаните средства за телефон, бидејќи задржувањето било незаконито, директорката доставила Известување дека телефонот е расходуван, за што наведува дека е нејасно како може да се задржат парите на расходувана опрема и без судска пресуда.

Понатаму била изготвена нова одлука за поврат на средствата каде благајната била задолжена да изврши поврат на задржаните средства. После тоа директорката формирала Комисија за утврдување штета, иако роковите за тоа биле пробиени.

Имајќи го предвид сето горенаведено, смета дека станува збор за тенденциозно вршење притисок и намера тој да биде омаловажен, дискредитиран и дискриминиран пред другите вработени, а мотивирано од самиот факт дека е поранешен директор од друга политичка партија.

<u>Во прилог на претставката беа доставени</u>:
- Полномошно;
- Договор бр. --------- од --------- година;
- Пресметка за плата за месец август и октомври 2024 година;
- Правилник за плата бр. --------- од --------- година;
- Претставка бр. --------- од --------- година до Државен инспекторат за труд Битола;
- Распоред бр. --------- од --------- година;
- Одлука за задршка на плата бр. --------- од --------- година;
- Известување за расходување на телефонот;
- Барање --------- од --------- година за враќање на задржани средства за телефон
- Слики од евидентен дневник за работно време во објект ---------.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.4.2025 година испрати Известување бр. 08-364/2 за произнесување по наводите од претставката до ---------.

На ден 28.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ---------, поднесено преку полномошник адвокат --------- од Битола, заведено во Комисијата под бр. 08-364/3.

Во произнесувањето најпрво се наведува дека ќе се осврнат на пет истакнати наводи од страна на подносителот, заедно со неговите барања, и тоа:

1. Зошто на подносителот на претставката, по неговото разрешување како директор, му било дадено решение за работно место од Б категорија, кое според него е 4 нивоа подолу од работното место од А категорија;
2. Врз основа на кои законски или подзаконски одредби и причини не била усогласена платата на подносителот на претставката од 15% на платата за месец октомври, односно истата била намалена за 15%;
3. Дали се точни наводите дека на вработените селективно им се зголемува, односно намалува платата за исто работно место, исто ниво и образование, и доколку да, дали ваквото намалување било поради лични причини и политички побуди;
4. Дали постои селективност во изготвување на распоредите за работа кон подносителот на претставката;
5. Дали само на подносителот на претставката му е изготвена Одлука за плаќање на мобилниот телефон кој го користел како поранешен директор.

**Во однос на првата точка**, согласно член 19 став 2 точка 11 од Законот за јавните претпријатија, предвидено е дека Управниот одбор на јавното претпријатие го избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија врз основа на јавен конкурс.

Согласно член 24 од Законот за јавните претпријатија, предвидено е дека директорот и заменик директорот на јавното претпријатие основано од Владата, за својата работа одговараат пред управниот одбор на јавното претпријатие. Директорот склучува договор со управниот одбор за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Согласно член 366 став 3 од Законот за трговските друштва, раководните лица ги остваруваат правата и обврските од работен однос според условите утврдени во договорот за уредување на односот меѓу органот на управување и раководното лице. Со договорот за уредување на односите со раководно лице се уредуваат: платата, надоместоците, учеството во добивката, надоместокот на трошоците, надоместокот за осигурување на живот и на други видови осигурување и другите права од работен однос.

Согласно став 4 од истиот член, на извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно на управителот и на раководните лица не се применуваат одредбите од колективните договори, како и одредбите од Законот за работните односи што се однесуваат на засновањето и на престанувањето на работниот однос, на дисциплинската одговорност, на платата, на надоместоците и на заштитата на правата на работниците.

Во конкретниот случај, помеѓу подносителот на претставката и Управниот одбор на --------- бил склучен договор за правата, обврските, одговорностите, платата и надоместоците на Директорот на ---------, заверен под бр. --------- од --------- година.

Согласно член 8 од цитираниот Договор, било предвидено дека Директорот на --------- може да биде разрешен од Управниот одбор согласно Законот за јавните претпријатија и Статутот на --------- и истиот да се врати на работа во Секторот од каде што бил избран, на соодветно работно место согласно образованието кое го поседува.

Согласно член 37-б став 1 од Законот за јавните претпријатија, вработените во јавното претпријатие кои вршат работи од дејноста заради која е основано јавното претпријатие имаат статус на даватели на јавни услуги, и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработени во јавен сектор и колективните договори.

Согласно член 31 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, на вработените во јавниот сектор кои се именувани на јавна функција утврдена со закон им мируваат правата и должностите од работниот однос.

Согласно став 2 од истиот член, вработените од ставот (1) на овој член имаат право во рок од пет работни дена по престанувањето на вршењето на функцијата да се вратат во институцијата од каде што заминале, на работно место најмалку на исто ниво со нивото на кое биле пред да заминат на функцијата.

Во конкретниот случај, подносителот на претставката пред именувањето на функцијата Директор на --------- бил вработен на работно место ---------, за кое е предвиден VI степен на образование или виша стручна спрема.

По разрешување од функцијата Директор на ---------, подносителот на претставката бил распореден на работно место --------- во Одделението за ---------, со шифра ---------, за што бил склучен и Договор за вработување со датум од --------- година.

Истакнуваат дека од страна на подносителот на претставката до денес не било оспорено ниту Решението за распоредување, ниту пак Договорот за вработување, односно тој ги потпишал и се согласил со правата и обврските од истите.

Од Договорот за работа бр. --------- од --------- година, Решението за распоредување на давател на јавна услуга бр. --------- од --------- година и Договорот за вработување бр. --------- од --------- година, може да се увиди дека после разрешувањето од позиција на директор на ---------, подносителот бил распореден на работно место кое што е на исто ниво како она на кое работел пред да биде именуван за директор. Дополнително, за нужно сметаат да се напомене дека подносителот бил распореден на повисоко ниво од она на кое што работел пред именувањето на функцијата директор, бидејќи согласно Договорот за работа од 2005 година, тој бил вработен на работно место со виша стручна спрема, односно со VI степен на образование, а со новото Решение за распоредување и Договорот за вработување од --------- година, бил распореден на работно место со високо образование, односно со VII степен на образование.

Во секој случај, со склучениот менаџерски договор, односно Договорот за правата, обврските, одговорностите, платата и надоместоците на Директорот на ---------, заверен под бр. --------- од --------- година, договорните страни уредиле некои од прашањата на работниот однос, односно престанокот на работниот однос, така што предвиделе тој да се врати на работа во Секторот од каде што бил избран, на соодветно работно место согласно образованието кое го поседува. При ваква состојба, сметаат дека во целост е постапено согласно позитивните законски прописи, а посебно Договорот за правата, обврските, одговорностите, платата и надоместоците на Директорот на ---------, бр. --------- од --------- година, со кој подносителот лично прифатил и се согласил за начинот на враќање на работното место после неговото разрешување од функцијата директор.

**Во однос на втората точка**, согласно член 37-ц од Законот за јавните претпријатија, начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во јавните претпријатија ги утврдува управниот одбор на јавното претпријатие, а вредноста на бодот на основната плата ја утврдува директорот на јавното претпријатие.

Од страна на Управниот одбор на --------- на ден --------- година бил донесен Правилник за плати, надоместоци на плати и додатоци на плати за вработените во ---------, заверен под бр. ---------.

Согласно член 2 став 2 од Правилникот, плаќањето на работата по договорот за вработување, односно решението за распоредување се остварува според одредбите на овој Правилник, во парична форма.

Согласно член 14 од Правилникот, платата на давателите на јавните услуги се состои од основна компонента и исклучителна компонента, кои пак се подробно образложени во одредбите од член 15 и член 16 од Правилникот.

Видно од Договорот за вработување склучен помеѓу подносителот на претставката и ---------од --------- година, поточно членот 9 од Договорот, за вршење на работните цели и задачи од овој договор, работникот има право на бруто плата во износ од 57.995 денари, а ќе се исплатува како основна нето плата во износ од 38.534 денари. Платата на работникот се пресметува во бруто износ, како збир на:

- Минимална бруто плата утврдена согласно со закон
- Бодови за степен на образование (56 бода) и
- Бодови за ниво (246 бода).

Збирот на бодови се множи со вредноста на бодот која се утврдува согласно актите на Управниот одбор на претпријатието, за што согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

При ваква состојба, сметаат дека во целост е пресметана и исплатувана основната плата на подносителот на претставката согласно Законот за јавните претпријатија и Правилникот за плати, надоместоци на плати и додатоци на плати за вработените во ---------, односно нема никакво намалување на платата за 15%.

**Во однос на точка 3**, согласно член 18 став 4 од Правилникот за плати, надоместоци на плати и додатоци на плати за вработените во ---------, предвидено е дека давателите на јавните услуги имаат право на додаток во износ од 1% до 30% заради:

- Покажан успех во работата
- Изложеност на ризик
- Работа на терен и/или
- Достапност по истекот на работното време.

Согласно став 5 од истата одредба, за додатокот од ставот 4 на овој член одлучува директорот на --------- со Одлука.

Видно од Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за плати, надоместоци на плати и додатоци на плати за вработените во ---------, во претпријатието има две работни места со назив ---------во Одделение за ---------, од кои за едното место бил утврден додаток на плата во износ од 15%.

Врз основа на известување до директорката на претпријатието бр. --------- од --------- година, доставено од раководителот ---------, било предложено на подносителот на претставката да му се намали додатокот на плата од 15% од причина што истиот не обавува теренска работа, како и од причина што работникот --------- е на исто работно место, но истиот не го зема наведениот додаток.

Со Одлука за изменување и дополнување на Табела 3- табеларен приказ на бодовите по работни места во сектор/одделение бр. --------- од --------- година, во член 8 е утврдено дека на работникот --------- во делот на додатокот на плата процентот од 15% се менува на 0%.

При ваква состојба, а согласно известувањето на непосредниот раководител на Одделението каде што е вработен подносителот на претставката, како и согласно овластувањата на директорот утврдени со Правилникот за плати, надоместоци на плати и додатоци на плати за вработените во ---------, била донесена Одлука по однос на додатокот на плата од 15% за ---------.

Појаснуваат дека додатокот на плата предвиден во членот 18 од Правилникот за плати, надоместоци на плати и додатоци на плати за вработените во --------- не претставува составен дел на основната плата, туку претставува посебен додаток на плата кој што се пресметува и исплатува покрај основната плата, па оттука подносителот на претставката не е распореден на помалку вреднувано работно место, бидејќи додатокот на плата не е задолжителен елемент при исплата на плата, туку истиот се однесува на посебно право.

Во конкретниот случај, а согласно Известувањето на раководителот --------- од --------- година, наведуваат дека било извршено изедначување на работниците по однос на додатокот на плата, со тоа што претходно овој додаток го добивал само ---------, додека пак другиот работник во истото Одделение на истото работно место како него, не го добивал овој додаток.

По однос на овие наводи бил извршен и вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, од каде што врз основа на увидот во целокупната документација било констатирано дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на --------- во врска со распоредувањето и исплатата на плата на работникот ---------.

**Во однос на точка 4**, во врска со распоредите за работа од страна на Државниот инспекторат за труд бил извршен инспекциски надзор, од каде што врз основа на целокупната документација било констатирано следното:

Како место на извршување на работите на подносителот на претставката, согласно член 4 од Договорот за вработување од --------- година, е предвидено седиштето на работодавачот и останатите објекти (--------- и други објекти во склоп на ---------).

Согласно Правилникот за систематизација на работните места од 2018 година, работното место --------- во Одделение за --------- систематизирано е со опис и попис на работни задачи кои во целост кореспондираат со работните задачи утврдени во членот 7 од Договорот за вработување.

Согласно Распоредот за работа од --------- година, изготвен од раководителот на Одделение- ---------, а одобрен од директорката ---------, вработениот --------- се распределува на објект ---------, додека пак вработениот ---------, кој исто така е вработен на работно место Дипломиран електро инженер, во истото одделение како и ---------, согласно распоредот за работа е распределен да врши контрола и одржување на ---------.

Исто така, од страна на Државниот инспекторат за труд од областа на Безбедност и здравје при работа, врз основа на претставка од ---------, бил извршен инспекциски надзор во --------- во врска со безбедноста на условите за работа во работните простории во однос на опремата, микроклиматските услови, како и хигиената во истите, при што од страна на надлежниот инспектор не биле констатирани никакви неправилности во работните и помошните простории во --------- каде што сега работи подносителот на претставката.

**Во однос на точка 5**, со Одлука бр. --------- од --------- година, се одлучило да се изврши наплата на вредноста на мобилниот телефон кој што му бил даден во работа на --------- како директор на претпријатието, а кој што мобилен телефон било побарано да го раздолжи после завршувањето на функцијата директор на ---------. Иста ваква одлука била донесена и за заменик директорот, --------- од Битола, кој што како заменик директор бил разрешен истовремено со подносителот на претставката.

Во конкретниот случај, со разрешувањето од функцијата директор и заменик директор, лицата --------- и ---------, кои биле задолжени со мобилни телефони заради извршување на своите функции, сега со посебни одлуки биле задолжени да ги вратат мобилните телефони, односно да ја надоместат вредноста на мобилниот телефон во висина на амортизираната книговодствена вредност, затоа што овие телефони до денот на изготвување на цитираната одлука не биле вратени во претпријатието.

И во овој дел од претставката сметаат дека е нејасно во што се состои дискриминаторското постапување на работодавачот, уште повеќе што одлуките за враќање на мобилните телефони, односно исплата на нивната вредност, се однесуваат на нивната функција како директор и заменик директор, а не како вработени во претпријатието.

Последно информираат дека во врска со сите наводи во претставката, од страна на сега подносителот била доставена и претставка до Народниот правобранител, кој водел постапка под НП број --------- од --------- година, меѓутоа со оглед дека во постапката претпријатието било орган против кого се постапува, не се во можност да достават одговор од Народниот правобранител во врска со нивната одлука по претставката, за што бараат од Комисијата службено да се обрати до Народниот правобранител Битола за добивање на овие податоци.

Во смисла на сето горенаведено, истакнуваат дека предметната претставка е поднесена тенденциозно, не само поради фактот што наводно не постои никаков доказ за дискриминаторско постапување од страна на работодавачот кон подносителот на претставката, туку и за истите дејствија кои што се предмет на претставката се водени постапки пред надлежни инспекциски органи, како и пред Народниот правобранител, при што овие органи не утврдиле никакви неправилности при постапувањето на --------- кон ---------.

Во прилог на произнесувањето беа доставени:
- Полномошно за адвокат --------- од Битола;
- Договор бр. --------- од --------- година;
- Договор за работа на --------- бр. --------- од --------- година на работно место ---------;
- Решение за распоредување на давател на јавни услуги за --------- бр. --------- од --------- година на работно место под реден број --------- во Одделение за ---------, со шифра ---------;
- Договор за вработување бр. --------- од --------- година;
- Правилник за систематизација на работни места, за работно место бр. --------- во Одделение за ---------, со шифра ---------;
- Правилник бр. ---------од --------- година;
- Известување бр. --------- од ---------година;
- Одлука бр. --------- од --------- година;
- Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 број --------- од --------- година;
- Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 број ---------од --------- година;
- Одлука бр. --------- од --------- година;
- Задолжение број --------- од --------- година;
- Барање НП број --------- од --------- година.

На ден 17.6.2025 година, на електронската адреса на Комисијата беше доставено Дополнување на претставката од страна на подносителот, заведено под бр. 08-364/4.

Во дополнувањето тој информира дека директорката, иако според Законот за избрани и именувани лица и согласно Менаџерскиот договор бр. --------- од --------- година, требала да му исплати разлика на плата за усогласување на просечна плата во државата за 2024 година за периодот од 1.1.2024 година до 8.8.2024 година кога бил разрешен, досега го нема направено тоа. За ова доставил Барање за исплата бр. --------- од --------- година до директорката, но таа сѐ уште нема одговорено ниту постапено. Наведува дека во изминатите години кога бил директор, разликата од плата за просечна плата во претходната година, по објавувањето на просечната плата за претходната година од страна на Заводот за статистика (февруари и март) му било исплаќано, но со доаѓањето на директорката тоа му било ускратено, без образложение.

Исто така информира дека повторно била донесена Одлука бр. --------- од --------- година за задршка на плата за надоместок на расходуван телефон, без да се почитува Законот за јавни претпријатија. На оваа одлука поднел Жалба бр. --------- од --------- година до Управниот одбор, но сѐ уште нема добиено одговор, односно жалбата не е разгледана бидејќи не се става на дневен ред.

Последно наведува дека со ваквиот третман на директорката му е загрозено здравјето и работи под стрес бидејќи секој ден очекува да се постапува некако против него, што се одразува негативно во неговото семејство и во работната средина. За ова побарал и медицинска помош во Клиничката болница во Битола.

Во прилог на Дополнувањето достави:

- Договор за правата, обврските, одговорностите, платата и надоместоците на директор на ---------, --------- од --------- година;
- Одлука за надоместок на штета бр. --------- од --------- година;
- Жалба на Одлуката за надоместок на штета до Управниот одбор на ---------;
- Барање за исплата бр. --------- од --------- година;
- Медицинска белешка;
- Задршка на плата за месец мај 2025 година.

Оттука, на ден 9.7.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за информации во врска со претставката до адвокат --------- од Битола, како полномошник на ---------, со кое извести дека подносителот на претставката доставил Дополнување, кое беше испратено во прилог на Барањето на нивно запознавање и соодветно произнесување.

Дополнително, заради утврдување на фактичката состојба, а поради изнесени спротивставени тврдења, Комисијата побара појаснување во однос на тоа дали службениот мобилен телефон на подносителот, кој е предмет на дел од наводите во претставката, бил изгубен, па поради тоа со Одлука бр. --------- од --------- година, а потоа и со Одлука бр. --------- од --------- година се барало наплата на неговата вредност, или пак станува збор за расходувана ствар.

На ден 21.7.2025 година до Комисијата пристигна Поднесок од страна на ---------, преку полномошник адвокат --------- од Битола, заведен во Комисијата под бр. 08-364/6.

Во однос на службениот мобилен телефон на подносителот, предмет на дел од наводите од претставката, наведуваат дека со Одлука бр. --------- од --------- година на подносителот на претставката му се направила задршка на плата на повеќе пати во вкупен износ од 66.624 денари (по амортизација) за телефонски уред Samsung S23 Ultra, кој тој го должел како основно средство заведено под бр. ---------.

На ден 13.3.2025 година од страна на подносителот било доставено писмено Известување бр. ---------, со кое ја известува директорката на --------- дека го враќа мобилниот телефон Samsung S23 Ultra во претпријатието, односно го доставува до Референтот за телекомуникации.

Од страна на Референтот за телекомуникации ---------, на ден 14.3.2025 година бил доставен Одговор до директорката на претпријатието, со кој ја известил дека вратениот мобилен телефон не е истиот што го задолжил, односно телефонот што го задолжил не е соодветен на вратениот.

За новонастанатите околности во врска со вратениот мобилен апарат, односно за утврдување на фактичката состојба за потеклото, видот и состојбата на мобилниот апарат кој го вратил подносителот на претставката, а за кој бил задолжен согласно Приемница бр. --------- од --------- година и Картицата на основно средство, од страна на --------- била донесена Одлука за отповикување на Одлука бр. --------- од --------- година.

После тоа, бил донесен предлог за покренување на постапка заради утврдување на материјална одговорност со цел да се утврди дали мобилниот телефон е истиот за кој што бил задолжен, дали е исправен, функционален, дали може да се поправи и да се користи, односно дали е пријавено во --------- дека задолжениот мобилен телефон бил неисправен или имал недостаток и дали со вака преземените дејствија е предизвикана материјална штета на претпријатието.

Врз основа на спроведената постапка за утврдување на материјална одговорност, од страна на Комисијата за утврдување на материјална одговорност, формирана со Решение бр. --------- од --------- година, бил донесен Извештај со кој што се констатира дека вратениот мобилен телефон не само што не е задолжениот Samsung Galaxy S23 Ultra, туку е крајно оштетена кутија од неутврден телефон без внатрешни елементи, со што тој се обидел да го

измами и да го доведе во заблуда претпријатието, при што од страна на Комисијата било предложено да се надомести причинетата штета.

Врз основа на Извештајот на Комисијата, биле донесено Одлука за утврдување на материјална одговорност и надомест на истата, како и Одлука за надомест на штета со која што подносителот на претставката бил задолжен со пресметана амортизација на износ од 66.624 денари.

Оттука појаснуваат дека во конкретниот случај не се работи за расходувана ствар, туку за мобилен апарат прокнижен како основно средство на ---------, со утврдена книговодствена вредност, а кој што мобилен апарат до денес не е вратен од страна на подносителот, за што впрочем против него се водела постапка за утврдување на материјална одговорност.

Во прилог на Поднесокот беа доставени:

- Одлука бр. --------- од --------- година;
- Предлог за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност бр. --------- од --------- година;
- Решение за формирање на Комисија за утврдување на материјална одговорност бр. --------- од --------- година;
- Извештај од Комисија за утврдување на материјална одговорност на вработен со статус на давател на јавни услуги бр. --------- од --------- година;
- Одлука за утврдување на материјална одговорност и надомест на истата бр. --------- од --------- година;
- Одлука за надоместок на штета бр. --------- од --------- година.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и севкупно прибавените информации и докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката е поранешен директор на ---------. Помеѓу него и Управниот одбор на --------- бил склучен Договор за правата, обврските, одговорностите, платата и надоместоците на Директорот на ---------, заверен под бр. --------- од --------- година. На ден --------- година бил разрешен од функцијата директор од страна на Управниот одбор, по што склучил Договор бр. --------- од --------- со претпријатието, согласно кој моментално е вработен во --------- на работно место --------- во Одделение за ---------, со број --------- и шифра во систематизацијата ---------. Пред именувањето на функцијата Директор на ---------, подносителот бил вработен на работно место ---------.

Согласно член 9 од Договорот за вработување склучен помеѓу подносителот на претставката и --------- од --------- година, за вршење на работните цели и задачи, тој има право на бруто плата во износ од 57.995 денари, односно основна нето плата во износ од 38.534 денари. Платата му се пресметува во бруто износ, како збир на:

- Минимална бруто плата утврдена согласно со закон
- Бодови за степен на образование (56 бода) и
- Бодови за ниво (246 бода).

Во претпријатието има две работни места со назив --------- во Одделение за ---------, од кои за едното место, она на кое работи подносителот на претставката, претходно бил утврден додаток на плата во износ од 15%.

Раководителот на одделението во кое работи подносителот испратил известување до директорката на претпријатието, со кое предложил на подносителот на претставката да му се намали додатокот на плата од 15% од причина што истиот не обавува теренска работа, како и од причина што неговиот колега е на исто работно место, но не го зема наведениот додаток.

По ова, била донесена Одлука за изменување и дополнување на Табела 3- табеларен приказ на бодовите по работни места во сектор/одделение бр. --------- од --------- година, со

која во член 8 е утврдено дека на работникот --------- во делот на додатокот на плата процентот од 15% се менува на 0%.

Со ова било извршено изедначување на двајцата вработени на работни места со назив --------- во Одделение за --------- по однос на додатокот на плата, со тоа што претходно овој додаток го добивал само подносителот, додека пак другиот вработен во истото одделение и на истото работно место, не го добивал овој додаток.

За ова бил извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, кој не утврдил неправилности во работењето на претпријатието во врска со распоредувањето и исплатата на плата на подносителот на претставката.

Во однос на местото на извршување на работните задачи, видно од член 4 од Договорот за вработување од --------- година, местото на извршување на работите е седиштето на работодавачот и останатите објекти (--------- и другите објекти во склоп на ---------).

Понатаму со Распоред за работа од --------- година, изготвен од раководителот на Одделение и одобрен од директорката, подносителот бил распределен на објект ---------, додека пак другиот вработен на работно место ---------, во истото одделение како и подносителот, бил распределен да врши контрола и одржување на ---------.

Во однос на службениот мобилен телефон, подносителот за време на извршување на функцијата директор бил задолжен со службен мобилен телефон Samsung Galaxy S23 Ultra, согласно Приемница бр. --------- од --------- година.

Со разрешувањето од функцијата директор и заменик директор, подносителот на претставката и заменик директорот, двајцата задолжени со мобилни телефони заради извршување на своите функции, со посебни одлуки биле задолжени да ги вратат мобилните телефони, односно да ја надоместат вредноста на мобилниот телефон во висина на амортизираната книговодствена вредност, затоа што телефоните до денот на изготвување на цитираната одлука не биле вратени во претпријатието.

Со Одлука бр. --------- од --------- година, се одлучило да се изврши наплата на вредноста на мобилниот телефон кој што му бил даден во работа на подносителот како директор на претпријатието. Иста ваква одлука била донесена и за заменик директорот, разрешен во исто време како и подносителот.

На ден 13.3.2025 година од страна на подносителот било доставено писмено известување со кое ја известува директорката дека го враќа мобилниот телефон во претпријатието, односно го доставува до Референтот за телекомуникации.

Од страна на Референтот за телекомуникации следниот ден, на 14.3.2025 година, бил доставен Одговор до директорката на претпријатието, со кој ја известил дека вратениот мобилен телефон не е истиот што го задолжил, односно телефонот што го задолжил не е соодветен на вратениот.

Заради утврдување на фактичката состојба, од страна на претпријатието била донесена Одлука за отповикување на Одлуката бр. --------- од --------- година.

После тоа, бил донесен предлог за покренување на постапка заради утврдување на материјална одговорност со цел да се утврди дали мобилниот телефон е истиот за кој што бил задолжен, дали е исправен, функционален, дали може да се поправи и да се користи, односно дали е пријавено дека задолжениот мобилен телефон бил неисправен или имал недостаток и дали со вака преземените дејствија е предизвикана материјална штета на претпријатието.

Од страна на формираната Комисија за утврдување на материјална одговорност бил донесен Извештај со кој што се констатирало дека вратениот мобилен телефон не е задолжениот Samsung Galaxy S23 Ultra и всушност претставува оштетена кутија од неутврден телефон без внатрешни елементи.

Врз основа на Извештајот на Комисијата, била донесена Одлука за надомест на штета со која што подносителот на претставката бил задолжен со износ од 66.624 денари.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

Во конкретниот случај, подносителот на претставката тврди дека претрпел дискриминација врз основа на политичка припадност преку неговото разрешување од функцијата директор на ---------, одземањето на додатокот на плата, распоредувањето на објектот ---------, како и преземените дејствија од страна на претпријатието во врска со службениот мобилен телефон.

Меѓутоа, врз основа на утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека не постојат факти и околности што укажуваат дека дејствијата преземени од страна на директорката на претпријатието се засновани или мотивирани од политичката припадност на подносителот, ниту пак дека постои разликување, исклучување или ограничување кое има за цел или резултат отежнување или оневозможување на остварувањето на правата на подносителот под еднакви услови со други лица.

Имено, подносителот по разрешувањето од функцијата директор бил вработен на работно место соодветно на неговото образование и искуство, со склучување нов Договор за вработување бр. --------- од ---------. Моментално тој е вработен на работно место ---------, за кое е предвидено VII степен на образование, односно високо образование, додека пак пред именувањето на функцијата директор, бил вработен на работно место ---------, за кое е предвидено VI степен на образование, односно виша стручна спрема. Видно од Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 број --------- од --------- година и Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 број --------- од --------- година на Државниот инспекторат за труд, не се утврдени неправилности во работењето на претпријатието во однос на распределбата на работно место.

Во однос на додатокот на плата на подносителот на претставката, односно одземањето на додатокот од 15%, истото било направено врз основа на известувањето од страна на раководителот на одделението во кое работи подносителот, со кое тој предложил на подносителот на претставката да му се намали додатокот на плата од 15% од причина што истиот не обавува теренска работа, како и од причина што неговиот колега кој е на исто работно место не го зема наведениот додаток. Со ова било извршено изедначување на двајцата вработени на работни места со назив --------- во Одделение за --------- по однос на додатокот на плата, со што може да се заклучи дека кон подносителот на претставката не било постапувано понеповолно во однос на другиот вработен кој е во иста ситуација, односно на истото работно место. За ова исто така бил извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, кој не утврдил неправилности во исплатата на плата на подносителот на претставката.

Во однос на местото на извршување на работните задачи, видно од Распоред за работа од --------- година, изготвен од раководителот на Одделение и одобрен од директорката, подносителот на претставката и другиот вработен на работно место --------- во истото одделение како и подносителот, биле распределени на работни задачи надвор од Управната

зграда на претпријатието, со што исто така не може да се заклучи дека подносителот на претставката бил третиран понеповолно.

Последно, во однос на службениот телефон- предмет на дел од наводите во претставката, бидејќи одлуката за враќање на мобилниот телефон, односно надоместување на неговата вредност се однесува на функцијата на подносителот како директор, а не како вработен во претпријатието, соодветен компаратор во оваа смисла е заменик-директорот кој бил разрешен во исто време со него. Во оваа смисла, и подносителот на претставката и заменик директорот по нивните разрешувања, со посебни одлуки биле задолжени да ги вратат службените мобилни телефони, односно да ја надоместат вредноста на мобилниот телефон во висина на амортизираната книговодствена вредност. Бидејќи истите одлуки биле донесени и за обајцата, односно постапката за надоместување на вредноста на службениот мобилен телефон била спроведена и во однос на заменик директорот, нема факти кои укажуваат на нееднаков третман кон подносителот.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Адвокат ---------, ---------, 7000 Битола
- Адвокат ---------, ---------, 7000 Битола